**20251953983**

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9), а во врска со член 307 став (3) и член 310 став (2) од Законот за финансиски инструменти (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 5.8.2025 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК[1] ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИНТЕРНО ПОРАМНУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ОВЛАСТЕН ДЕПОЗИТАР И ПОДАТОЦИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ОБЈАВИ ОВЛАСТЕНИОТ ДЕПОЗИТАР НА СВОЈАТА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦА

### Предмет на уредување

Член 1

Со Правилникот за известување за интерно порамнување од страна на овластен депозитар и податоци кои треба да ги објави овластениот депозитар на својата интернет-страница (во понатамошниот текст: Правилник) се пропишуваат:

- содржината, структурата, рокот и начинот на кварталното известување од страна на овластениот депозитар до Комисијата за надзор на пазарот на капитал (во понатамошниот текст: Комисијата) за обемот и вредноста на нетрговските преноси со хартии од вредност кои овластениот депозитар интерно ги порамнува надвор од системот за утврдување и/или порамнување и

- податоците кои овластениот депозитар е должен да ги објави на својата интернет страница и дневно да ги обновува согласно член 310 став (1) од Законот.

Член 2

(1)Поимите кои се употребени во овој Правилник го имаат следното значење:

1)“Закон” е Законот за финансиски инструменти;

2)“Инструкција за интерно порамнување” е инструкција од клиентот на овластениот депозитар да му стави на располагање паричен износ на примачот или да ја пренесе сопственоста на или правата од хартијата/хартиите од вредност преку евидентирање во нематеријализирана форма во регистар или на друг начин, која е порамнета од овластениот депозитар во сопствената евиденција, а не преку системот за утврдување и/или порамнување;

3)“Неуспешна инструкција за интерно порамнување” е неспроведување на порамнувањето или делумно порамнување на трансакцијата со хартии од вредност на договорениот датум од страна на страните учеснички како резултат на недостаток на хартии од вредност или парични средства, без оглед на основната причина;

---

[1] Со овој Правилник се врши усогласување со:
- Делегираната уредба 2017/391 на Европската комисија од 11 ноември 2016 година за дополнување на Регулативата 909/2014 на Европскиот парламент и на Советот во однос на регулаторните технички стандарди со кои дополнително се определува содржината на известувањето за интерно порамнување CELEX бр. 32017R0391

4)“Трансакција со хартии од вредност” е пренос на хартии од вредност, надвор од системот за утврдување и порамнување, врз основа на договор за подарок, реализација на договор за залог, судска одлука, одлука на Народна банка во постапка на решавање на банка, вложувања на хартии од вредност како непаричен влог при основање или зголемување на основната главнина во трговски друштва и статусни промени согласно Законот за трговски друштва, распределба на хартии од вредност по завршување на постапки за стечај и ликвидација, отстапување на хартии од вредност за време на живот, по пат на наследство или пак врз основа на закон во кој е предвидена обврска за пренос на сопственост на хартии од вредност;

5)“Дистрибуциски корпоративни дејствија” се корпоративни дејствија коишто се однесуваат на исплата на дивиденда, камата и главнина кај обврзниците;

6)“Капитализациски корпоративни дејствија” се корпоративни дејствија коишто се однесуваат на поделба или спојување на акциите, спојувања и други статусни промени, преземања;

7)“Привилегирани корпоративни дејствија” се корпоративни дејствија коишто се однесуваат на привилегиите кои му припаѓаат на сопственикот на хартии од вредност (на пример право на предност на купување акции).

(2)Сите други поими од овој Правилник го имаат истото значење како во Законот.

I. Квартално известување

## Содржина и структура на кварталното известување

Член 3

(1)Кварталното известување од член 307 став (1)- од Законот задолжително ги содржи следните информации:

а) код на државата во која е основан овластениот депозитар;

б) временски жиг на известувањето;

в) период опфатен со известувањето;

г) единствен матичен број, односно идентификатор на овластениот депозитар (LEI), доколку има;

д) контакт податоци на овластениот депозитар;

ѓ) вкупната количина и вредност, изразена во денари, на инструкциите за интерно порамнување порамнети од овластениот депозитар во периодот опфатен со известувањето;

е) вкупната количина и вредност, изразена во денари, на инструкциите за интерно порамнување порамнети од овластениот депозитар во периодот опфатен со известувањето, за секој од следните видови на хартии од вредност:

- преносливи хартии од вредност од член 3 став (1) точка 15) потточка а) од Законот;
- државни должнички хартии од вредност;
- преносливи хартии од вредност од член 3 став (1) точка 15) потточка б) од Законот, со исклучок на државните должнички хартии од вредност;
- преносливи хартии од вредност од член 3 став (1) точка 15) потточка в) од Законот;
- фонд со кој се тргува на регулиран пазар или ЕТФ од член 3 став (1) точка 57) од Законот;
- удели во инвестициски фондови, со исклучок на фондови со кои се тргува на регулиран пазар или ЕТФ;
- инструменти на пазарот на пари, со исклучок на државните должнички хартии од вредност;

- емисиони квоти;
- други финансиски инструменти;

ж) вкупната количина и вредност, изразена во денари, на сите инструкции за интерно порамнување порамнети од овластениот депозитар во периодот опфатен со известувањето, за секоја од следните видови на трансакции со хартии од вредност:

- купување или продавање на хартии од вредност:
- операции на управување со финансиски колатерал;
- позајмување на хартии од вредност;
- репо трансакции;
- други трансакции со хартии од вредност;

з) вкупната количина и вредност, изразена во денари, на сите инструкции за интерно порамнување порамнети од овластениот депозитар во периодот опфатен со известувањето, за сите наведени видови на клиенти:

- професионални вложувачи од член 91 од Законот;
- мали клиенти од член 89 став (4) од Законот;

ѕ) вкупната количина и вредност, изразена во денари, на сите инструкции за интерно порамнување кои се однесуваат на пренос на парични средства порамнети од овластениот депозитар во периодот опфатен со известувањето;

и) вкупната количина и вредност, изразена во денари, на сите инструкции за интерно порамнување порамнети од овластениот депозитар во периодот опфатен со известувањето, за секој овластен депозитар кој ги извршува главните функции од член 288 став (1) точка 1) од Законот во врска со нематеријализираните хартии од вредност (депозитар-издавач од член 2 став (1) точка 12) од Правилникот за постапката за поврзување на депозитари);

ј) вкупната количина и вредност, изразена во денари, на сите инструкции за интерно порамнување од точките е) до з) од овој став, за секој овластен депозитар кој ги извршува главните функции од член 288 став (1) точка 1) од Законот во врска со нематеријализираните хартии од вредност (депозитар-инвеститор од член 2 став (1) точка 13 од Правилникот за постапката за поврзување на депозитари);

к) вкупната количина и вредност, изразена во денари, на неуспешните инструкции за интерно порамнување од точките ѓ) до ј) од овој став за кои порамнувањето не е извршено во периодот опфатен со известувањето;

л) стапките на инструкциите за интерно порамнување од точките ѓ) до л) од овој став за кои порамнувањето не е извршено во однос на:

- вкупната вредност, изразена во денари, на инструкциите за интерно порамнување порамнети од овластениот депозитар и неуспешните инструкции за интерно порамнување;
- вкупната количина на инструкции за интерно порамнување порамнети од овластениот депозитар и неуспешните инструкции за интерно порамнување.

(2)За целите на став (1) точки и) и ј) од овој член, доколку податоците за овластениот депозитар кој ги извршува главните функции од член 288 став (1) точка 1) од Законот во врска со нематеријализираните хартии од вредност не се достапни, ИСИН бројот се употребува како заменска вредност, преку раздвојување на податоците врз основа на првите два знака од ИСИН броевите.

(3)За конверзија на другите валути во денари се применува средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, ако е достапен, кој е важечки на последниот ден од периодот опфатен со известувањето.

(4)Вкупната вредност на инструкциите за интерно порамнување од став (1) од овој член ќе се пресметуваат на следниот начин:

а) во случај на инструкција за интерно порамнување наспроти плаќање, износот за порамнување на делот во парични средства;

б) во случај на инструкција за интерно порамнување без плаќање, пазарната вредност на хартиите од вредност или, доколку таа не е достапна, номиналната вредност на хартиите од вредност.

(5) Пазарната вредност од став (4) точка б) од овој член се пресметува на следниот начин:

а) за финансиските инструменти од член 239 став (1) од Законот примени на тргување на места за тргување во Република Северна Македонија, вредноста се определува врз основа на просечна пондерирана цена на место на тргување постигната во последните 12 месеци пред денот на порамнување на инструкциите за интерно порамнување;

б) за финансиски инструменти примени на тргување на места за тргување во Република Северна Македонија, освен за наведените од точка а) од овој став, вредноста се определува врз основа на просечна пондерирана цена на место на тргување со најголем промет постигната во последните 12 месеци пред денот на порамнување на инструкциите за интерно порамнување;

в) за финансиски инструменти, освен за наведените од точка а) или б), вредноста се определува врз основа на цена која се пресметува преку користење на претходно утврдена методологија, одобрена од Комисијата, со која се земаат во предвид критериуми поврзани со пазарни податоци, како што се пазарните цени достапни на места за тргување или кај инвестициските друштва.

**Рок и начин на достава на кварталното известување**

Член 4

(1)Овластениот депозитар е должен да го достави кварталното известување од член 3 од овој Правилник во рок од десет дена од денот на завршување на кварталот на кој се однесува известувањето.

(2)Кварталното известување се доставува во електронска форма преку системот за известување на Комисијата.

II.Содржина на податоците кои овластениот депозитар е должен да ги објави на својата интернет-страница

**Јавност на податоците**

Член 5

(1) Овластениот депозитар е должен да поседува функционална и прегледна интернет-страница на која се објавуваат податоците за:

а) издавањето, замената и бришењето на нематеријализираните хартии од вредност во регистарот на нематеријализирани хартии од вредност;

б) сите нематеријализирани хартии од вредност запишани во регистарот на нематеријализирани хартии од вредност;

в) корпоративни активности кои се вршат преку овластениот депозитар;

г) идентитетот на имателите на први десет сметки на кои се евидентирани најголемата количина на било која хартија од вредност и податоци за количината на хартиите од вредност на тие сметки (во апсолутни и релативни показатели).

(2) Податоците од став (1) од овој член мора да бидат јавно достапни и ажурирани на дневна основа од страна на овластениот депозитар.

(3)Почетната интернет страница на овластениот депозитар мора да има јасно видливи и лесно достапни кратенки до податоците од став (1) од овој член.

Член 6

Податоците од член 5 став (1) точка а) од овој Правилник задолжително содржат:

а) општи податоци за издавачот (фирма, седиште и единствен матичен број на субјектот);

б) ИСИН број на хартиите од вредност кои се издаваат, заменуваат или бришат;

в) основ за издавањето, замената или бришењето на хартиите од вредност;

г) податоци за вкупниот број на издадени, заменети или избришани хартии од вредност;

д) датум на издавањето, замената или бришењето на хартиите од вредност;

ѓ) податоци за вкупниот број на хартии од вредност на издавачот по спроведување на издавањето, замената или бришењето на хартиите од вредност.

Член 7

Податоците од член 5 став (1) точка б) од овој Правилник задолжително содржат:

а) општи податоци за издавачот (фирма, седиште и единствен матичен број на субјектот);

б) основ за издавањето на хартиите од вредност;

в) податоци за вкупниот број на издадени хартии од вредност;

г) ИСИН број и ЦФИ код на хартиите од вредност;

д) номинална вредност по хартија од вредност;

ѓ) вкупен номинален капитал;

е) датум на запишувањето на хартиите од вредност.

Член 8

Податоците од член 5 став (1) точка в) од овој Правилник задолжително содржат:

а) општи податоци за издавачот за кого се спроведува корпоративната активност (фирма, седиште и единствен матичен број на субјектот);

б) вид на корпоративна активност која се спроведува (дистрибуциски корпоративни дејствија, капитализациски корпоративни дејствија или привилегирани корпоративни дејствија);

в) ИСИН број на хартиите од вредност за кои се спроведува корпоративната активност;

г) датум на спроведување на корпоративната активност.

Член 9

Податоците од член 5 став (1) точка г) од овој Правилник задолжително содржат:

а) ознака (ИСИН) на издавачот;

б) име и презиме/назив на сопственикот на хартии од вредност;

в) процентуално учество во вкупниот број на издадени хартии од вредност;

г) процентуално учество во акциите со право на глас;

д) состојба (број) на хартиите од вредност на датум;

ѓ) вид на сметка.

**Преодни и завршни одредби**

Член 10

(1)Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе се применува со денот на почеток на примена на Законот за финансиски инструменти“.

(2)Обврската за достава на кварталното известување од член 3 од овој Правилник започнува од првиот квартал 2027 година.

Бр. 01-412/5
5 август 2025 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Бујаре Абази,** с.р.